Република Северна Македонија
ОПШТИНСКО ОСНОВНО УЧИЛИШТЕ
ЃОРЃИЈА ПУЛЕВСКИ
Бр. 03-308/1
24.03. 2020 год.
Општина Аеродром-Скопје

Друштво за туризам угостителство и трговија
АВИОТУРС ТРАВЕЛ СЕРВИС ДООЕЛ увоз-извоз
Бр. 0307/095
24.03 2020 год.
СКОПЈЕ

# ДОГОВОР
# ЗА НАБАВКА НА УСЛУГИ
# РЕЗЕРВАЦИЈА И ИСПОРАКА НА АВИОБИЛЕТИ ЗА ПОТРЕБИТЕ НА ООУ„ЃОРЃИЈА ПУЛЕВСКИ“ ОПШТИНА АЕРОДРОМ - СКОПЈЕ

Склучен помеѓу

1. ДОГОВОРЕН ОРГАН: ООУ„Ѓорѓија Пулевски“ Општина Аеродром - Скопје со седиште на Бул. „Јане Сандански“ бр.27 А, застапувано од Директор Марјан Јовановски, (во понатамошен текст: Купувач ),

и

2. НОСИТЕЛ НА НАБАВКАТА: АВИОТУРС ТРАВЕЛ СЕРВИС ДООЕЛ, со седиште на УЛ. „Ленинова“ бр.33 А лок.4 - Скопје, депонент на Халк Банк А.Д.Скопје, жиро сметка 270-0624268501-59, даночен број 4030007639849 застапуван од Никола Николовски, во понатамошниот текст: Носител на набавката

## ПРЕДМЕТ НА ДОГОВОРОТ

Член 1

Предмет на овој договор е резервација и испорака на авиобилети за потребите на ООУ„Ѓорѓија Пулевски“ Општина Аеродром - Скопје за период до една година.

## ОБЕМ НА ИСПОЛНУВАЊЕ НА ПРЕДМЕТОТ НА ДОГОВОРОТ

Член 2

Набавката, предмет на овој договор, ќе се врши сукцесивно, според периодичните потреби на Договорниот орган, а по претходно доставено барање во кои ќе бидат наведени конкретните специфики на услугата што се бара.

## ВРЕДНОСТ НА ДОГОВОРОТ

Член 3

Цената на услугите ќе се одреди при извршувањето на секоја услуга поединечно, а согласно Понудата на Економскиот оператор, која е обврзувачка за целото времетраење на Договорот.
Надоместокот за резервациите за авиобилетите ( TSC ) изнесува 0,01 денари.
Вкупната вредност на овој договор не може да ја надмине сумата на обезбедени средства за оваа намена, односно износот од 589.170,00 денари без вклучен ДДВ.
Договорниот орган нема обврска да ја реализира во целост вредноста на договорот.

## НАЧИН И РОК НА ПЛАЌАЊЕ

Член 5

Договорниот орган се обврзува електронски или хартиено да достави писмено барање за резервација на авионски билети.

Член 6

**Барањето** особено содржи:

- **За авионските билети**: број на патници со име и презиме, дестинација каде патуваат, датум на поаѓање и датум на враќање, рок и начин на доставување на понудите и други потребни податоци за навремено организирање на патувањето и резервација на авионските билети.

- По доставување на барање од страна на Договорниот орган до економскиот оператор, истиот за авионски билети за бараната дестинација веднаш односно, најдоцна во рок од 1 (еден) ден од денот на приемот на барањето.

Член 7

**Понудата** особено содржи:

- За авионските билети: можна рута на патувањето, времето на тргнување и слетување, името на авиокомпанијата со која ќе се изврши летот**, набавна цена на билетот (како доказ ќе се доставува копија од оригиналната фактура),** како и процент на агенциската провизија.
- Економскиот оператор доставува **најповолна и најекономична понуда** за бараната дестинација, при што се обврзува дека доставените цени на понудите ќе бидат валидни најмалку 3 дена од денот на доставување на понудата до договорниот орган.
- Доколку утврди дека доставените понуди се прифатливи договорниот орган добиениот предлог, **одобрен, го доставува до економскиот оператор во рок од најмногу 3 (три) дена и тоа во писмена форма** (по факс или е-маил). Доколку договорниот орган утврди дека доставените понуди се неприфатливи има право да побара од економскиот оператор да му достави нови.
- Економскиот оператор е должен по добивање на одобрениот предлог во рок од 1 (еден) ден да достави потврда (ваучер/доказ) за резервација за бараната услуга до Договорниот орган
- Во цената од понудата економскиот оператор мора да го вклучи и посебно да го изрази **процентот на агенциската провизија** (процентот кој што е добиен по спроведената електронска аукција).
- Економскиот оператор ќе даде максимална можна флексибилност во поглед на промена на бројот на патници, промена на дестинацијата или откажување на билетите се до моментот на издавање на авионскиот билет,односно најдоцна до работниот ден кога е издаден билетот.

Плаќањето на фактурата ќе се изврши во рок од 30 дена по нејзиниот прием кај Договорниот орган. Економскиот оператор е должен со фактурата да ги достави и копиите од оригиналните фактури за цената на билетите.

**ВИША СИЛА**

Член 8

Договорниот орган и Економскиот оператор се ослободуваат од одговорност ако по склучување на овој договор настапат околности кои не можеле да се предвидат, отстранат или спречат, односно до неисполнување на обврските од овој Договор дошло заради Виша сила.

Ако една од договорните страни е спречена да ги изврши обврските од причините наведени во став 1 должна е во рок од 24 часа писмено да ја извести другата страна, со наведување на причините за спреченоста и по можност обезбедување соодветен доказ.

По отстранување на околностите од став 1 Договорот може да се реализира по потреба со заеднички прифатено дополнување или да се раскине договорно.

**РАСКИНУВАЊЕ НА ДОГОВОРОТ**

Член 9

Кога една од договорните страни нема да ја исполни својата обврска другата договорна страна може да бара исполнување на обврската или да го раскине Договорот.

Член 10

Договорната страна која поради неисполнување на договорните обврски на другата страна го раскинува Договорот должна е тоа да и го соопшти на другата договорна страна без одлагање во писмена форма.

**ЈАЗИК НА ДОГОВОРОТ**

Член 11

Договорот се пишува и потпишува на македонски јазик.

Член 12

Доколку како договорна страна се јави странско правно или физичко лице договорот ќе се напише и на англиски јазик. Договорните страни ќе ги потпишат двете верзии на договорот. Јазик на толкување на договорот е македонскиот јазик.

**РЕШАВАЊЕ НА СПОРОВИ**

Член 13

Сите евентуални спорови и недоразбирања кои би произлегле од овој Договор, договорните страни ќе ги решаваат во духот на добрите деловни обичаи.
Доколку спорот не се реши спогодбено, ќе ги решава надлежниот суд во Скопје.

**КОРУПЦИСКО ИЛИ ИЗМАМНИЧКО ОДНЕСУВАЊЕ**

Член 14

Договорните страни се согласни да ги применат највисоките стандарди за етичко и законито однесување за време на реализацијата на овој Договор.

**ОПШТИ И ЗАВРШНИ ОДРЕДБИ**

Член 15

Договорните страни можат да ги дополнат и/или изменат одредбите од овој договор само спогодбено.
Договорната страна која бара измена и/или дополнување е должна своето барање до другата страна да го достави во писмена форма.
Одредбите од овој договор можат да се изменат и/или дополнат со склучување на Анекс на Договорот.
Дополнувањата и измените на овој договор се важечки ако се направени во писмен облик и ако се потпишани од двете договорни страни.

Член 16

Договорните страни се согласни за се што не е предвиено со овој Договор да важат позитивните законски прописи и стандарди за вршење на ваков вид на набавки.

Член 17

Договорот е важечки од денот на неговото потпишување од двете договорни страни се до истекот на неговото времетраење.

Член 18

Овој Договор е составен во 4 (четири) еднообразни примероци, по 2 (два) за секоја договорна страна.

| Договорен орган | Економски оператор |
| --- | --- |
| ООУ„Ѓорѓија Пулевски“Аеродром | АВИОТУРС ТРАВЕЛ СЕРВИС ДООЕЛ |
| Директор | Никола Николовски |
| Марјан Јовановски | |